**Друштво за производство, трговија и услуги ЗЕГИН ТИН ДООЕЛ Скопје**

# ИЗЈАВА
# ЗА ОСНОВАЊЕ НА

**Друштво за производство, трговија и услуги ЗЕГИН ТИН ДООЕЛ Скопје**

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФУНКЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ

**Скопје, февруари, 2007 година**

Врз основа на член 167 и 169 и 171 од Законот за трговски друштва (Сл. весник бр,28/2004 година), Основачот на ден 12.02.2007 година , ја донесе сладната:

# ИЗЈАВА

## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОД ЕДНО ЛИЦЕ

**1. СОДРУЖНИК**

Член. 1

**Единствен содружник е: БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ со ЕМБГ [redacted] и лична карта регистарски број [redacted] издадена од ГУВР Скопје, со стан на ул.„ [redacted] Скопје**

**2.ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО**

Член 2

Друштвото ќе работи под фирмата: **Друштво за производство, трговија и услуги ЗЕГИН ТИН ДООЕЛ Скопје**

Скратен назив на друштвото гласи : **ЗЕГИН ТИН ДООЕЛ Скопје.**

Седиштето на Друштвото е: **Скопје, ул.„Народен Фронт„ бр. 5-3/1**

**Во меѓународниот промет друштвото ќе настапува со латинско писмо и тоа:**

Drustvoto ke raboti pod firmata: **Drustvo za proizvodstvo, trgovija i uslugi ZEGIN TIN DOOEL Skopje**

Skraten naziv na drustvoto glasi : **ZEGIN TIN DOOEL Skopje.**

Sedisteto na Drustvoto e: **Skopje, ul.„Naroden Front„ br. 5-3/1**

**3.ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО**

Член 3

Предмет на работење на трговското друштво во внатрешно-трговскиот промет ќе бидат сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган.

**Главна и претежна дејност:**

**-51.33 -Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење.**

**Член 4**

Во надворешно-трговскиот промет трговското друштво ќе ги врши сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган.

## 4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член.5

Друштвото се основа на неопределено време.

## 5.ИЗНОСОТ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВОТО

Член. 6

Вкупната вредност на Основниот влог на друштвото што го вложува основачот се состои во предмети кои се изразени во денари и Евра со процена од страна на овластен судски проценител именуван од основачот и **изнесува 338.800,00 денари** (со зборови: триста триесет осум илјади и осумсто денари) во противвредност **од 5.500,00 Евра** ( со зборови: пет илјади и петсто евра)

Член. 7

Оснивачкиот влог на основачот-содружникот изнесува, односно се состои од следните предмети дадени во табелата:

| р.бр | Назив на предметот | Мера | Кол и чина | Цена МКД | Вкупно МКД | Вкупно ЕУР |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Компјутер Пентиум | Бр. | 2 | 73.800,00 | 147.600,00 | 2.400 |
| 2. | Печатач | Бр | 2 | 24.600,00 | 49.200,00 | 800 |
| 3. | Работно биро | Бр. | 2 | 12.300,00 | 24.600,00 | 400 |
| 4. | Конференциска маса | Бр. | 1 | 18.250,00 | 18.500,00 | 300 |
| 5. | Столици | Бр. | 10 | 1.900,00 | 19.000,00 | 300 |
| 6. | Фотелја | Бр. | 3 | 12.300,00 | 36.900,00 | 600 |
| 7. | Клуб маса | Бр. | 1 | 12.300,00 | 12.300,00 | 200 |
| 8 | Телефон-факс панасоник. | Бр. | 1 | 30.700,00 | 30.700,00 | 500 |
| | **ВКУПНО:** | | | | **338.800,00 денари** | **5.500,00 Евра** |

Сметано по курс 61,56 денари за 1 евро. Во денари и извршено заокружување со цел да биде деливо со сто.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФУНКЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... ЗА ЛИЧНИ ПОТРЕБИ ЗА ДРУШТВА

## 6. НАЧИНОТ И ВРЕМЕТО НА ВНЕСУВАЊЕ НА ВЛОГОТ ВО ПРЕДМЕТИ ВО ДРУШТВОТО

Член. 8

Влоговите во предмети единствениот основач содружник во целост ги внесува во друштвото со денот на потпишувањето на овој Договор, со кои друштвото може слободно да располага.

## 7. УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВОТО

Член. 9

Управител на друштвото се Именува **Владимир Зафировски, дипломиран правник, со ЕМБГ [redacted] и лична карта регистарскиброј [redacted] издадена од ГУВР Скопје, со стан на Бул.,, [redacted] Скопје**

Управителот ќе ја обавува функцијата управител на друштвото без огрзничување на овластувањата.

## 8.ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член. 10

Друштвото е правно лице.

Друштвото работи во свое име и за своја сметка и може да стекнува права и да превзема обврски во правниот промет со трети лица, да склучува договори и други правни работи, да тужи и да биде тужен.

Член. 11

Друштвото одговара за своите обврски со сиот свој имот.

Член. 12

Во правниот промет со трети лица, во внатрешниот и надворешниот промет друштвото го застапува управителот на друштвото со неограничени овластувања.

## 9. ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА СОДРУЖНИЦИТЕ НА ДРУШТВОТО

Член. 13

Секој содружник има право на учество во управувањето со друштвото и во распределба на добивката, да биде известуван за работењето на друштвото, да ги ра-- згледува книгите и списите на друштвото, како и право на дел од остатокот на ликвидацијата, односно од стечајната маса.

Член. 14

Содружникот има право да учествува во распределбата на добивката, која е утврдена според билансот на успехот, ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

Член. 15

Содружникот е должен преземениот основен влог да го уплати, односно предметите да ги пренесе на друштвото во рокот утврден со овој договор.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

Член. 16

Уделот на содружникот во друштвото се определува според големината на основниот влог што тој го превзел, односно вложил.

Содружникот може да има само еден удел во друштвото. Ако содружникот превзема и друг удел, неговиот удел се зголемува за преземениот удел.

Член. 17

Содружниците можат да располагаат со своите удели во согласност со законот и овој договор.

Уделите на содружниците се преносливи и можат да се наследуваат.

За пренесување на удел е потребна согласност на друштвото.

Член. 18

Трошоците за основањето на друштвото и запишувањето во трговскиот регистар ги сносат содружниците.

Член. 19

Содружниците имаат и други права и обврски предвидени со ЗТД.

## 10.НАЧИНОТ И МЕРИЛАТА НА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И НАЧИНОТ НА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

Член. 20

Имотот на друштвото го сочинуваат предмети, права и пари.

Имотот на друштвото и резултатите од работењето се утврдуваат согласно законските прописи.

Член. 21

Друштвото води трговски книги на начин што ги прави видливи сите преземени трговски, правни работи, состојба на капиталот, средствата, приходите и расходите.

Член. 22

На крајот на секоја деловна година друштвото изготвува биланс на состојба и биланс на успех и извештај за работењето кои ја сочинуваат годишната сметка.

Член. 23

Со изготвување на завршната сметка друштвото ги утврдува резултатите во работењето при што може да оствари добивка или да покаже загуба.

Член. 24

Со остварената добивка располагаат основачите на друштвото.

Член. 25

До колку во работењето се искаже загуба основачите ја покриваат загубата.

Член. 26

Покажаната загуба се покрива од средствата од примената дотација за таа намена, со отпис на побарувањата од страна на доверителите, резервите и нераспоредената добивка од поранешни години и од сопствениот капитал, но не испод минимумот на главнината.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

Член. 26

Покажаната загуба се покрива од средствата од примената дотација за таа намена, со отпис на побарувањата од страна на доверителите, резервите и нераспоредената добивка од поранешни години и од сопствениот капитал, но не испод минимумот на главнината.

## 11.УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО

Член 27

Со друштвото управува управителот.

Управителот управува со друштвото согласно дредбите од Законот за трговски друштва.

Член. 28

Управителот на друштвото го именуваат содружниците .

Мандатот на управителот на друштвото трае неопределено.

Член. 29

Управителот на друштво е надлежен а во интерес на друштвото ги врши следните работи:

1. Донесува план за работа и програма за развој на друштвото.
2. Раководи и го кординира процесот на производството и целокупното работење на друштвото.
3. Го застапува друштвото во правниот промет со трети лица.
4. Водење на трговски книги на друштвото.
5. Подготвување на периодичните и годишните сметки.
6. Припрема материјал за собирот на содружниците.
7. Донесува општи и поединечни акти чие донесување не е во надлежност на собирот на содружниците.
8. Покрај наведените работи, управителот може да презема и други акти и дејствија што се во интерес на друштвото.

## 12. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

Член. 30

Друштвото престанува со :

1. Истекување на времето определено во договорот за друштвото;
2. Одлука на содружниците (основачите);
3. Присоединување на друштвото кон друго друштво, спојување со друго друштво, односно со поделба;
4. Стечај на друштвото и
5. Одлука на судот.

**Број 01/1**
**15.02.2007 година**

**О С Н О В А Ч**

**БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ**